РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-102/8
22-06-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 33-та седница одржана на ден 11.06.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предмет со број 12-3025/1 од 20.11.2025 година, оформен по пријава во која се изнесени наводи за сомневање за незаконитости во работењето на лицето --------------- ------------- в.д. директор на ЈОУДГ Градинка „---------------------“ во --------------, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што за предметниот случај постапиле други надлежни органи и во тек е постапка пред ОЈО ----------------.

Предметот со број 12-3025/1 од 20.11.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 20.11.2025 година, до ДКСК доставена е пријава со наводи за сомневање за незаконитости во работењето на лицето ------------ -------------, в.д директор на ЈОУДГ Градинка „----------------------“ ---------------, по која е оформен предмет со број 12-3025/1. Во пријавата се наведува дека пријавеното лице во периодот кога било именувано за вршител на должност директор, одело на службени патувања и посетувало обуки во странство, за кои не се знаело дали истите биле за потребите на работното место, колку пари биле потрошени за оваа намена и од која сметка на јавната установа истите биле исплатени, со сомневање дека за оваа цел биле трошени пари кои родителите ги плаќале за згрижувањето на своите деца.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК побара информации и податоци од Државен просветен инспекторат, Државниот инспекторат за труд, Општина ------------- и Министерството за внатрешни работи - ПС --------------.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

По разгледување на целокупната документација по предметот, ДКСК го констатира следното:

Државниот просветен инспекторат постапил и констатирал дека нема надлежност за постапување по пријавените наводи, поради тоа што согласно член 34 од Законот за просветна инспекција, член 72 став 4 од Законот за инспекциски надзор и член 5 став 2 од Законот за постапување по претставки и предлози, за истите надлежни се други органи. Следствено, дописот го доставиле до Државниот инспекторат за труд.

Државниот инспекторат за труд констатирал дека во случајот се работи за утврдување на правилна и целосна фактичка состојба поврзано со трошењето на буџетски финансиски средства и пари кои родителите ги плаќале за згрижување на своите деца во предметната јавна установа, па предметот го доставиле за постапување до Министерството за внатрешни работи - ПС ---------- – Сектор за економски криминал.

Општина -------------- известува дека имала увид само во ставките и потставките преку кои е извршено плаќањето на службените патувања но, дека немале увид за кои патувања, за кои лица и за која цел било реализирано патувањето.

По добивањето на Известувањето за спроведен надзор од страна на Државниот инспекторат за труд, а во врска со можно постоење на кривично дело, МВР ОВР ------------ постапиле и на ден 03.04.2026 година доставиле Известување за запознавање и добивање на насоки за понатамошно постапување до Основното јавно обвинителство ----------------.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, ДКСК утврди дека за предметниот случај постапиле други надлежни органи и во тек е постапка пред ОЈО ------------, по што оцени дека нема елементи за натамошно постапување во предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: В.ХН.-член/anëtar

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија